Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, во врска со Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, арх.бр.03-659/1 од 14.12.2023 г. (наш Уп1 бр.02-385 од 18.12.2023 г.), со дополнување арх.бр.03-9/1 од 10.01.2024 г. (наш Уп1 бр.0204-385 од 11.01.2024 г.), согласно Заклучокот на Советот арх.бр.0201-399/2 од 26.01.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 4-та седница одржана на 25.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, и тоа:

- за истапување на правното лице ЦАБЛЕ 24 ДОО Линц, со ЕМБС [redacted] [redacted] [redacted] и адреса на ул. „[redacted]“ бр. [redacted], [redacted], [redacted] и

- за пристапување на правното лице ЦОМНЕТ 328 ДОО Белград, со ЕМБС [redacted] и адреса на ул. „[redacted]“ бр[redacted] стан [redacted], [redacted] ([redacted]), [redacted].

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура арх.бр.03-659/1 од 14.12.2023 г. (наш Уп1 бр.02-385 од 18.12.2023 г.), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.

При увид во доставената документација беше констатирано дека истата не е уредна, во смисла на тоа што во изјавите коишто ги дало физичкото лице во својство на сопственик и управител на правното лице кое пристапува, не беше наведен полниот назив на правното лице за кое изјавува дека не постојат пречки да се стекне со удел во сопственоста на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип. За наведеното радиодифузерот беше известен при што беше побарано од него да го доуреди предметното Известување.

Во врска со тоа, од страна на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, беше доставено дополнување на известувањето, арх.бр.03-9/1 од 10.01.2024 г. (наш Уп1 бр.0204-385 од 11.01.2024 г.), односно доставени беа уредни изјави, со што предметното известување за промена на сопственичка структура се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

Агенцијата со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија (РСМ), обезбеди: „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

во други субјекти) – тековна состојба“, број 0820-50/150020230365345 од 18.12.2023 г. и број 0820-50/150020230371957 од 22.12.2023 г. од кои е видно дека ниту правното лице ЦОМНЕТ 328 ДОО Белград, ниту физичкото лице [redacted] (сопственик и управител на наведеното правно лице) не се јавуваат како основачи на трговски друштва во Република Северна Македонија, како и дека Зоран Киш се јавува само како овластено лице на спортското здружение Боксерски клуб МЛАДОСТ Скопје.

Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ, од каде што го обезбеди документот „Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик“, број 2007-50/150020230365362 од 18.12.2023 г., од којшто беше констатирано дека лицето [redacted] [redacted] не е евидентирано како вистински сопственик на ниту еден правен субјект.

По извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип ќе биде правното лице ЦОМНЕТ 328 ДОО Белград, со ЕМБС [redacted] и адреса на ул. „[redacted]“ бр.[redacted] стан [redacted], [redacted] ([redacted]), [redacted], чиј единствен сопственик и управител е физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на бул.„Јане Сандански“ бр.[redacted], [redacted] - [redacted].

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура арх.бр.03-659/1 од 14.12.2023 г. (наш Уп1 бр.02-385 од 18.12.2023 г.) со дополнување арх.бр.03-9/1 од 10.01.2024 г. (наш Уп1 бр.0204-385 од 11.01.2024 г.), Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.0204-385**
**26.01.2024 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.